# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 18.1.2022 година<br>Скопје<br>Број 1 год. XVII | Претплатата за 2020 год. изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


јануари, 2022 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Одлука за донесување на техничка исправка за ГП 7.8 и 7.8а во Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 1-УМ7, опфат помеѓу Бул. „Св.Климент Охридски", ул. „Никола Тримпаре" и ул. „Дебарца", Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................................................ 1 - 3

- Решение за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ............. 4 - 5

- Решение за именување членови на Надзорен одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ............. 6 - 7

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување техничка исправка за ГП 7.8 и 7.8а во Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 1-УМ7, опфат помеѓу улиците бул. „Св.Климент Охридски“, ул. „Никола Тримпаре“ и ул. „Дебарца“, Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување техничка исправка за ГП 7.8 и 7.8а во Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 1-УМ7, опфат помеѓу улиците бул. „Св.Климент Охридски“, ул.„Никола Тримпаре“ и ул. „Дебарца“, Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на четвртата седница, одржана на 30.12.2021 година и на 17.1.2022 година.

Бр. 09-261/3
17.1.2022 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21) и член 36 став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20), Советот на Општина Центар - Скопје на 4. седница, одржана на 30.12.2021 година и на 17.1.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување техничка исправка за ГП 7.8 и 7.8а во Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 1-УМ7, опфат помеѓу улиците бул. „Св.Климент Охридски", ул.„Никола Тримпаре" и ул. „Дебарца", Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува техничка исправка за **ГП 7.8 и 7.8а** во Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 1-УМ7, опфат помеѓу улиците бул.„Св.Климент Охридски", ул. „Никола Тримпаре" и ул. „Дебарца", Општина Центар-Скопје, во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20). Техничката исправка е изработена со тех.бр.037/09/21 од септември 2021 година од Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје.

**Член 2**

Техничката исправка се врши за ГП 7.8 и 7.8а во Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 1-УМ7, опфат помеѓу улиците бул. „Св.Климент Охридски", ул. „Никола Тримпаре" и ул. „Дебарца", плански период 2011-2016, донесен од Советот на Општината со Одлука бр. 07-2780/20 од 5.4.2012 година.
На техничката исправка за ГП 7.8 и 7.8а во Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 1-УМ7, опфат помеѓу улиците бул. „Св.Климент Охридски", ул.„Никола Тримпаре" и ул. „Дебарца", Општина Центар-Скопје, издадено е Мислење бр. 09-4717/10 од 23.9.2021 година од Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Центар-Скопје со Решение бр. 09-4209/1 од 30.9.2020 година и претставува составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Со донесувањето на оваа Одлука техничката исправката ќе стане составен дел на Изменување и дополнување на Детален урбанистички план Буњаковец 1-УМ7, опфат помеѓу улиците бул. „Св.Климент Охридски", ул. „Никола Тримпаре" и ул. „Дебарца", Општина Центар-Скопје, донесен од Советот на Општината со Одлука бр. 07-2780/20 од 5.4.2012 година и ќе може да се применува во форма на пречистена верзија на планот односно како основниот план во кој е вградена техничката исправка, за којшто важат истите одредби за предавање, објавување, презентирање, преклопување, применување и чување на урбанистички планови.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-261/2
17.1.2022 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Решението за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на четвртата седница, одржана на 30.12.2021 година и на 17.1.2022 година.

Бр. 09-261/5
17.1.2022 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), член 17 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96; 09/97; 06/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 4. седница, одржана на 30.12.2021 година и на 17.1.2022 година и донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на Управниот одбор**
**на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта**
**„Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

1. Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје се состои од 5 члена.

2. За членови на Управниот одбор се именуваат:

   - Тодорчо Јовановски
   - Зоран Никодиновски
   - Иван Чешларов
   - Спасе Богоески
   - Дарко Гиговски

3. Мандатот на членовите на Управниот одбор трае четири години.

4. Решението да се достави до именуваните, Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје и до Градоначалникот.

5. Ова Решение влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-261/4
17.1.2022 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решението за именување членови на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Решението за именување членови на Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на четвртата седница, одржана на 30.12.2021 година и на 17.1.2022 година.

Бр. 09-261/7
17.1.2022 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), член 26 став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96; 09/97; 06/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 06/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 4 седница, одржана на 30.12.2021 година и на 17.1.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови на Надзорниот одбор**
**на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта**
**„Паркинзи" на Општина Центар-Скопје**

2. Надзорниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје се состои од 5 члена.

2. За членови на Надзорниот одбор се именуваат:

- Наташа Стаменова
- Маја Зрмановска
- Александар Писинов
- Татјана Градишка
- Александар Христовски

3. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае четири години.

4. Решението да се достави до именуваните, Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје и до Градоначалникот.

5. Ова Решение влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-261/6
17.1.2022 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседавач
Виолета Велковска с.р.